**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата за Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион**

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Во Република Македонија досега не постоел посебен Закон со кој се имплементираат обврските што произлегуваат од Конвенцијата на Обединетите нации за заштита на светското природно и културно наследство. Оваа конвенција е делумно транспонирана во Законот за заштита на природата и Законот за заштита на културното наследство но во овие закони отсуствува законски дефинирана обврска за донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и подготвување на извешај за реализација на истиот. Ова беа една од позначајните забелешки на мониторинг мисиите на УНЕСКО. Од таа причина се пристапи кон подготовка на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион кој дава можност за подготовка и донесување на ваков стратешки развоен документ. Истотака во последно време имаше зголемена урбанизација на крајбрежејето на Охридското езеро со што се зголемува можноста за загрозување на природните живеалишта и постоење на антропогени активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со усвојувањето на Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се очекува да се постигнат следните цели:

- создавање на услови за пронаоѓање, заштита, популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- пренесување на идните генерации на исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион како дел од општото наследство на целото човештво;
- спроведување на научни истражувања и воспитно-образовни активности;
- создавање на услови за оддржлив развој на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца, преку соодветно користење на природното и културното наследство на Охридскиот регион;

- спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион, и
- вклучување на Република Македонија и општините Охрид, Струга и Дебарца во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународната заштита на светското природно и културно наследство.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

***Опција 1:*** Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline);

***Опција 2:***; Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за преземање на мерки за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;

***Опција 3:*** Донесување на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, со обврска за донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со акционен план.

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

### Предложено решение (опција):

Според направената анализа за решавање на горенаведените проблеми преферирано решение е **Опцијата 3** .

### Опис:

Опцијата 3 предвидува Донесување на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион; донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со акционен план и формирање на Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион.

Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион дава можност Владата на Република Македонија на предлог на Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство а по претходно мислење на Националната комисија на УНЕСКО да донесе План за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион за период од 9 години.

Заради пронаоѓање, заштита популаризација и унапредување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион; пренесување на идните генерации на исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион како дел од општото наследство на целото

човештво; спроведување на научни истражувања; воспитно-образовни активности; спречување на активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион, како и вклучување во меѓународниот систем на соработка и помош со цел меѓународната заштита на светското природно и културно наследство, предлог законот предвидува формирање на **Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион** како советодавно тело составена од 19 члена. Членовите на Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион ги именува Владата на Република Македонијаврз основа на заеднички предлог доставен од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион ќе игра значителна улога во спроведувањето на овој закон и во рамките на своите надлежности ќе рагледува и ќе дава мислење за:

1. за нацрт извештајот за состојбата на природното наследствои културното наследство во Охридскиот регион;
2. за спроведување на законите и другите прописи со кои се уредуваат прашањата од областа на заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион;
3. на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
4. на други планови со кои се засега во управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
5. на Просторните и урбанистичките планови во Охридскиот регион;
6. за состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
7. предлага мерки за подобрување на состојбата со природното и културното наследство во Охридскиот регион, на своја иницијатива и/или по барање на друго правно или физичко лице или орган на државната или локалната власт, и
8. за други прашања согласно Деловникот за работа.

Воедно, предлог законот предвидува Управата за животна средина и Управата за заштита на културното наследство еднаш на секои шест години да подготват Извештај за состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот регион кој се доставува до секретаријатот на Конвенцијата на Обединетите нации за заштита на светското природно и културно наследство согласно одредбите на оваа конвенција.

1. **Трошоци**

**- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.**

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

**- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.**

Иницијални трошоци опфаќаат:

- трошоци за подготовка и донесување на Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- трошоци за потикнување на спроведувањето на научно истражувачки активности заради заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион;
- трошоци за информирање на јавноста за вредностите на природното и културното наследство во Охридскиот регион, за опасностите кои му се закануваат на природното и културното наследство, како и за превземените мерки за заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

**- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.**

Со донесувањето на овој предлог закон ќе се предизвикуват трошоци за надоместокот на членовите на Комисијата за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион кои ќе бидат како континуирани трошоци кои ќе се исплатат од средства на Буџетот на Република Македонија.

**- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.**

Предложеното решение нема да предизвикува иницијални трошоци за правните и физичките лице.

**- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.**

Предложеното решение нема да предизвикува оперативни трошоци за правните и физичките лице.

## 2. Придобивки

**- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни**

Предлог законот не обезбедува директни финасиски придобивки на засегнатите страни. Придобивките се состојат во обезбедување на услови за унапредување на природното и културното наследство во Охридксиот регион, со што за истото ќе се обезбедат услови да остане на листата на светско природно и културно наследство на УНЕСКО. Врз основа на ова, се очекува промовирање на природните и културните вредности на Охридксиот регион и зголемување на туристичките потенцијали на регионот, со што ќе се придонесе кон индиректно зголемување на приходот на населението и стопанските субјкети од Охридксиот регион.

**- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни**

Главните нефинанскиски придобивки се можноста за донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион во кој ќе се предвидуваат мерките за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион; намалување на активностите за урбанизација на Охридското крајбрежје и се очекува да се подигне одговорноста на правните и физички лица и на јавноста во поглед на зачувување на исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион.

## 3. Ризици и претпоставки

Главен ризик за Република Македонија е тоа што доколку не се донесе или не се применува овој предлог закон може да дојде до зголемена урбанизација на крајбрежејето на Охридското езеро со што се зголемува можноста за загрозување на природните живеалишта и зголемување на антропогени активности кои негативно влијаат врз исклучителните вредности на природното и културното наследство во Охридскиот регион. Со ова пости можност од исклучување на овие природни и културни вредности од листата на заштитеното светско природно и културно наследство што ја води УНЕСКО.

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | **ДА** | **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **НЕ** | **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | **НЕ** | **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион е доставен мислење кај следните засегнати страни:

- Министерство за култура;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за економија;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Заедница на единиците на локалната самоуправа-ЗЕЛС;
- Општина Охрид;
- Општина Струга;
- Општина Дебарца
- Нациналген парк „Галичица“;
- Хидробиолошки завод;
- Национална установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид;

- Национална установа- Музеј „Др Никола Незлобински“-Струга; и
- Меѓународен совет за споменици и места-ИКОМОС-Скопје;
- Национална установа-Национален конзерваторски центар-Скопје

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Согласно спроведените анализи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура како преферирано решение ја прифати третата опција. Имено во предложениот текст на Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион се воведува законски основ за донесеување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион. Предложениот закон исто така предвидува можност за фирмирање на Комисија за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион која ќе игра значителна улога во управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион. Предлог законот предвидува изготвување на извештај за состојбата на природното и културното наследство во Охридскиот регион што дава можност уште во најраниот период да се преземат мерки за заштита на природното и културното наследство во Охридксиот регион на кое постои утврдена или потенцијална опасност.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

**- Претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање:**

- Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за ЕУ;
- Васил Анастасовски, Раководител на Секторот за природа;
- Сашко Јорданов, Раководител на одделение; и
- Мирсат Есати, советник во Секторот за ЕУ.

**Претставници на Министерството за култура:**

- Весна Илиевска од Министерство за Култура

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**- Претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање:**

- Др. Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање;
- Д-р. Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина и просторно планирање;
- Лидија Зафировска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за ЕУ.

**- Претставници на Министерството за култура:**

- Елизабета Канческа - Милевска; Министер за култура
- Драган Недељковиќ, заменик министер за култура
- Драгана Ќурчиоска, Раководител на сектор за нормативно правни управни и имотно правни работи, Министерство за култура

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 30.11.2009 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, ***Неџати Јакупи***, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум:

Јас, Елизабета Канческа - Милесвка, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: